Врз основа на член 7 и 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, Одборот на директори на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен Мермерен Комбинат АД Прилеп (Мермерен Комбинат АД Прилеп) на состанокот одржан на 13.10.2023 година усвои:

**Образложено мислење**

во врска со Понудата за преземање на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен Мермерен Комбинат АД Прилеп (Мермерен Комбинат АД Прилеп)
од страна на Преземачот Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит

1. **Став на органот на управување за влијанието од спроведувањето на понудата врз интересите на целното друштво, а особено врз вработените, како и за стратешките планови на преземачот за целното друштво (Мермерен Комбинат АД Прилеп)**

   Врз основа на податоците и информациите содржани во објавениот Проспект и Понудата за преземање на Мермерен Комбинат АД Прилеп, генералниот став на Одборот на директори на Мермерен Комбинат АД Прилеп е дека успешното спроведување на понудата за откуп ќе има позитивен ефект врз интересите на Друштвото и во таа насока го подржува Преземачот (Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит) во намерата за преземање на Друштвото. Успешната реализација на плановите и стратешките цели на Преземачот наведени во Проспектот и Понудата за преземање ќе придонесе за подобрување на состојбата и ќе има позитивни импликации врз деловното работење на Друштвото, особено на вработените во смисла на континуираното обезбедување на работа и плата, како и нивното стручно оспособување и усовршување. Стратешките планови на Преземачот се во насока на продолжување на стабилен раст на постојните деловни активности и континуиран развој на Друштвото.

2. **Податоци за постоење на преговори во врска со понудата за преземање меѓу преземачот (Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит) и органот на управување на целното друштво (Мермерен Комбинат АД Прилеп)**

   Одборот на директори на Мермерен Комбинат АД Прилеп потврдува дека се водени преговори со Преземачот (Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит) во врска со давањето на Понудата за преземање се однесува на сите 193.648 обични акции со право на глас издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп со ИСИН број: MKMERM101015, освен на 4.493.210 обични акции со право на глас кои веќе ги поседува преземачот Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит, односно 95,87% од вкупно издадените обични акции со право на глас на Мермерен Комбинат АД Прилеп.

3. **Начинот на кој преземачот (Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит) го остварува правото на глас од хартиите од вредност кои се веќе во негова сопственост**

   Одборот на директори на Мермерен Комбинат АД Прилеп потврдува дека Преземачот (Павлидис Едно Лице АД Мермер Гранит) индиректно преку други друштва и инструменти поседува вкупно 4.493.210 обични акции со право на глас односно 95,87% од вкупно издадените обични акции со право на глас на Мермерен Комбинат АД Прилеп, а со кои акции Преземачот активно на Собранието на Друштвото го остварува правото на глас, согласно Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп и Законот за трговски друштва.

4. **Изјава дали членовите на органот на управување на целното друштво (Мермерен Комбинат АД Прилеп) кои се иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање имаат намера да ја прифатат или да ја отфрлат понудата за преземање и да приложат свое образложение**

   Одборот на директори на Мермерен Комбинат АД Прилеп не поседуваат акции издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп. Воедно, Одборот на директори на Мермерен Комбинат АД Прилеп ги поддржуваат стратешките цели и планови на Преземачот за натамошниот развој на Друштвото.

5. **Образложени податоци за последниот ревидиран годишен извештај на целното друштво (Мермерен Комбинат АД Прилеп) со наведување на книговодствената вредност на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање**

   Последните ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи на Мермерен Комбинат АД Прилеп се за деловната 2022 година. Ревизијата на финансиските извештаи ја изврши Грант Торнтон ДОО Скопје. Согласно мислењето на ревизорот, ревидирани неконсолидираните финансиски извештаи за 2022 година ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Мермерен Комбинат АД Прилеп, како и резултатите од работењето и паричните текови, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

   Согласно ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи, приходите од продажба реализирани во 2022 година изнесуваат 1.872.016 илјади денари, цената на чинење на продажбата изнесува 637.430 илјади денари, административните и продажни трошоци изнесува 291.147 илјади денари, додека останатите деловни приходи изнесува 8.246 илјади денари. Имајќи ги во предвид реализираните нето финансиски расходи во износ од 5.836 илјади денари, добивката пред оданочување изнесува 945.849 илјади денари. Во текот на 2022 година, Друштвото оствари нето позитивен финансиски резултат во износ од 859.626 илјади денари.

Со состојба од крајот на 2022 година, вкупната актива изнесува 2.595.229 илјади денари. Учеството на нетековните средства во вкупните средства на Друштвото изнесува 36,77%, односно со состојба од крајот на 2022 година тековните средства изнесуваат 954.289 илјади денари. Учеството на тековните средства, пак, е 63,23%, односно согласно неконсолидираните ревидирани финансиски извештаи со состојба од крајот на 2022 година нетековните средства изнесуваат 1.640.940 илјади денари.

Со состојба од 31.12.2022 година вкупниот капитал и резерви изнесуваат 2.595.229 илјади денари.

Вкупните обврски на Друштвото со состојба од крајот на 2022 година изнесуваат 75.532 илјади денари. Притоа, тековните обврски учествуваат со 100% во вкупните обврски, односно со состојба од 31.12.2022 година изнесуваат 75.532 илјади денари.

Книговодствената вредност на обичните акции издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп пресметана врз основа на ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи за 2022 година изнесува 537,61 денари.

**Одборот на директори**